# ЦДХВ АД Скопје Функционална надградба - Фаза 1: Дефинирање на стратегија и поддршка за набавки

| | |
|---|---|
| Набавка бр.: | 50029 |
| Земја: | ПЈР Македонија |
| Бизнис сектор: | Депозитар Кредитна (банки), информатички и комуникациски технологии, небанкарски финансиски институции, не-депозитни Кредитна (не банката) |
| Извор на финансирање: | Специјален акционерски фонд на ЕБРД |
| Вид на договор: | Консултантски услуги |
| Вид на оглас: | Покана за изразување на интерес (ППИ) |
| Датум на објавување: | 24 Ноември 2015 |
| Краен датум: | 15 Декември 16:39 Скопје |

**Извршна агенција (Клиент):**

Централен  депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) АД Скопје
Кузман Јосифовски Питу 1,
1000 Скопје,
ПЈР Македонија

**Лице за контакт на Клиентот:**
Софија Видовиќ, раководител на Дирекција за информатичка технологија
Централен депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) АД Скопје
Кузман Јосифовски Питу 1,
1000 Скопје,
ПЈР Македонија
Тел: +389 23299814
Факс: +389 23227760
Е-пошта: vidoviks@cdhv.mk

**Лице за контакт на ЕБРД:**

Georgia Vasiliadis

European Bank for Reconstruction and Development

One Exchange Square

London EC2A 2JN

Tel: + 44 20 7338 7750

Fax: +44 20 7338 7451

E-mail: vasiliag@ebrd.com

**Опис на проектот:**

Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје (ЦДХВ) има стратешка цел за усогласување на исто ниво со другите депозитари во регионот преку примена на европските и меѓународните стандарди. ЦДХВ се стреми кон усогласување со најдобрите стандарди со цел обезбедување интегритет на пазарот на хартии од вредност и заштита на интересите на инвеститорите, поради што официјално побара ЕБРД да го подржи надградувањето на неговите функции (Проект).

Овој проект ќе развие нов информативен портал за крајните корисници на услугите на ЦДХВ (инвеститори и издавачи на хартии од вредност), следејќи ги најдобрите практики во областа на информатичката безбедност и заштита на личните податоците, со цел да се зголеми транспарентноста на пазарот и пристапот до информации за хартиите од вредност, кој во моментов не е на располагање. Услугата има за цел да им обезбеди на инвеститорите и издавачите подобрување на пристапот до нивните информации за сопственост на акции, да обезбеди достапност на информации за потребите на известувањата, и да овозможи доставување и прием на информации за корпоративните активности.

Модернизација на системот ќе го унапреди не само работењето на ЦДХВ, туку и целокупниот пазар на капитал. Тоа ќе ја издигне ПЈР Македонија на еднакво ниво со другите земји во регионот и ќе ја овозможи подобра интеграцијата на македонскиот пазарот на капитал со платформата SEE Link платформата.

Овој проект се состои од две фази. Фазата 1 е предметот на ова Известување за набавка и опфаќа Дефинирање на стратегија и поддршка на набавките. Фазата 2

(Развој на систем и имплементација) ќе биде извршена од страна на друг консултант, кој ќе биде избран од ЦДХВ во текот на Фазата 1.

**Опис на задачата:**

ЦДХВ АД Скопје има за цел да обезбеди услуги од консултант ("Консултант") за изработка на Стратегија и поддршка за набавки за Фазата 1 од функционалната надградба ("Задача").

Од избраниот Консултант се очекува да ги обезбеди следниве услуги:

1) Да направи анализа на разликите на тековните ИТ и оперативни функции на ЦДХВ во однос на меѓународните стандарди за следното:
    - Основните услуги на ЦДХВ – регистрациските активности и активностите поврзани со утврдувањето и порамнувањето;
    - Дополнителни услуги за крајните корисници (сопственици и издавачи на хартии од вредност);
    - Технологија и безбедност на податоците;
2) Да развие Технолошка Стратегија врз основа на резултатите на анализата на разликите. Технолошката стратегија треба да го земе предвид следново:
    - Реструктурирање на постоечката ИТ архитектура,
    - Развивање/инсталација на ИТ решение за новите услуги,
    - Потребните интерфејси да се приспособат на ИТ решението;
    - Да развие стабилен и сигурен систем на депозитар, ефективен во однос на трошоците, користејќи модерна архитектура соодветна за мал депозитар, а кој ќе биде усогласен со локалната регулатива.
    - Да обезбеди функционалностите на порталот да се во согласност со локалната регулатива која се однесува на користење на електронски потпис и заштита на лични податоци.
3) Да ги координира активностите и да придонесе од ИТ и деловен аспект за набавка на хардвер, софтвер и софтверски лиценци, како што следи:
    a. Да изработи детален План за набавка и за имплементација на проектот за сите системски компоненти;
    b. Да дефинира детална техничка спецификација и да ги подготви тендерските документи за Фазата 2 на Задачата, во согласност со Политиките и Правилата за набавки на ЕБРД (PP&R). Тендерските документи ќе се засноваат и ќе го вградат генералниот технички опис на ИТ решението за веб порталот

c. Да даде поддршка на ЦДХВ АД Скопје во процесот на евалуација при изборот на Консултант за Фазата 2;
d. Да даде поддршка на ЦДХВ АД Скопје при процесот на преговори со избраниот Консултант за Фазата 2, и при подготовката на Договорот;
e. Да изврши било кој друг аспект на процесот на набавка кој е побаран од страна на ЦДХВ АД Скопје.

**Статус на процесот на селекција**: Заинтересираните фирми или група на фирми се поканувaат да достават изразување на интерес.

**Почетен датум и траење на Задачата**: Се очекува Задачата да започне до втората половина од Јануари 2016 и има проценето вкупно времетраење од седум месеци.

**Проценка на трошоците за Задачата**: 60.000 ЕУР (без ДДВ).

*Консултантот треба да утврди дали за услугите треба да биде пресметан некој ДДВ и основот за таа пресметка, без да се земе во предвид посебниот статус на Банката како меѓународна финансиска институција, и потребно е ова да го изјави на Банката во неговиот одговор на Поканата за Изразување на Интерес. Зависно од степенот до кој за консултантот настанува влезен ДДВ за стоки и услуги купени во врска со давањето на услуги (на пр. ДДВ за авио билет) кој не е на друг начин надоместив за консултантот од локалната даночна управа, бруто трошокот кон консултантот за ваквите трошоци ќе се третира како надоместиви трошоци.*

**Извор на финансирање:** Задачата ќе биде финансирана од страна на Специјалниот акционерски фонд на ЕБРД (SSF). Ве молиме имајте во предвид дека изборот и склучувањето договор ќе бидат условени со расположивоста на средствата за финансирање.

**Квалификација:** Не се утврдени квалификациони ограничувања.

**Профил на Консултантот:** Потребни се корпоративни услуги. Консултантот треба да биде друштво или група на друштва со докажано искуство на слични задачи во работата со учесници на пазарот и надлежните институции. Компанијата треба да предложи тим од специјалисти со големо искуство кои ќе ја извршуваат Задачата.

Приложената експертиза треба да ги опфати сите области како што е дефинирано во обемот на работа. Се очекува дека тимот на Консултантот од клучните експерти ќе се состои од:

**<u>1) Лидер на тимот / ЦДХВ Експерт</u>** со:

- Пожелно 10 годишно искуство во управување со проекти поврзани со депозитари на хартии од вредност, ИТ проекти, берзи или консултантски фирми;
- Пожелно 5 години искуство во улога на Лидер на тим на слични задачи;
- Одлично разбирање на функционалностите на депозитари на хартии од вредност и нивните основни/дополнителни услуги;
- Искуство во дизајнирање/имплементација и подготовка на системски спецификации за функционалности на депозитар за хартии од вредност, интерфејси, управување со податоци и доставување на информации;
- Докажана способност да помогне во преговорите за договор со најдобрите понудувачи;
- Диплома од информатичката технологија, деловна информатика, софтверски инженеринг или друга сродна дисциплина;
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик.

**<u>2) Експерт за набавки</u>** со:

- Пожелно 5 годишно искуство во набавка на ИТ софтвер и хардвер кај јавен сектор за набавки на меѓународни финансиски институции;
- Пожелно 5 години искуство во основните функции и ИТ аспекти на депозитар на хартии од вредност, депозитарни услуги, утврдување и порамнување;
- Искуство во изработка на тендерската документација и извештаи за евалуација на понудите;
- Одлично познавање на пишан и говорен англиски јазик.

**Услови за доставување**: Со цел утврдување на способноста и искуството на Консултантите кои сакаат да бидат избрани во потесниот избор, доставените информации треба да го вклучуваат следново:

**<u>1. Кратко резиме на фирмата/групата на фирми</u>**, вклучувајќи профил на компанијата, организација и кадровска екипираност (2-4 страни);

**<u>2. Податоци за претходно искуство на проекти</u>** или слични задачи реализирани особено во изминатите пет години, вклучувајќи и информации за вредноста на договорот, договорниот субјект/клиент, локацијата на проектот /земја, времетраењето (од мм / гг до мм / гг), месеците за реализација на стручниот дел, буџетот на задачата, процентот извршен од страна на консултантот во случај на здружување на фирми или склучување поддоговори, главните активности, цели;

**3. Биографии на клучните експерти** кои можат да ги извршат деталните услови на Задачата, искуство во слични задачи, особено задачи реализирани во изминатите пет години, вклучувајќи информации за договорниот субјект/клиент, локацијата на проектот/земја, времетраењето (од мм / гг до мм / гг), месеците за реализација на стручниот дел, буџет на задачата, главните активности, цели.

**4. Краток опис на методологијата и пристапот кон Задачата**, ограничено на 3 страници.

**5. Пополнета изјава на Консултантот и Контакт Лист**, за што образецот е достапен на следниот интернет-линк:

http: //www.ebrd.com/pages/workingwithus/procurement/notices/csu/contact_sheet.doc

Изразувањето на интерес не смее да надмине 20 страници (со исклучок на биографиите и изјавата на Консултантот и Контакт Листот).

Целосното изразување на интерес (вклучувајќи ги биографиите, краткиот опис на методологијата и пристапот кон Задачата, изјавата на Консултантот и Контакт Листот) треба да бидат поднесени **на англиски јазик преку електронска пошта (pdf) до лицето за контакт на Клиентот**, за да стигнат до Клиентот не подоцна од крајниот датум. Една дополнителна копија треба да се достави до лицето за контакт на Банката во дадениот временски рок. Изразувањето на интерес треба да биде во **еден документ (pdf).** Клиентот го задржува правото да ги отфрли понудите на фирмите поднесени во повеќе од еден документ. Консултантот може да го подели изразувањето на интересот во повеќе документи само доколку е надминато ограничувањето во дозволената големина на документот.

**Важни забелешки:**

1. Изборот вообичаено ќе биде направен единствено од одговорите по однос на ова известување. Од консултантите нема да биде побарано да поднесат предлог. Највисоко рангираниот Консултант ќе биде избран од Листата на потесен избор и ќе биде поканет да преговара за склучување на договор, кој е условен со расположивоста на средствата за финансирање.

2. Критериуми за евалуација и соодветните пондери се:

а) **Претходно искуство на друштвото** во испорачување на консултантски проекти поврзани со депозитари на хартии од вредност и во работа со учесниците на пазарот и институции на слични консултантски задачи вклучувајќи ги активностите наведени погоре **(30%)**

б) **Опис на методологија и пристап за реализација на Задачата (20%)**

в) **Кратка биографија на Клучниот експерт бр.1** (Лидер на тимот / Експерт за депозитари) **(30%)**

г) **Кратка биографија на Клучниот експерт бр.2** (Експерт за набавки) **(20%)**

3. Избраниот консултант за оваа задача нема да има право да ја извршува Фазата 2 (Развој на систем и имплементација)